International Labour Organization

Funded by the European Union

# Насоки за утврдување минимални стандарди за младински теренски активности во контекст на Гаранцијата за млади



© Меѓународна организација на трудот 2025.
Прво издание во 2025.

Наведување извор 4.0 Меѓународна (CC BY 4.0)
Ова дело е лиценцирано со Криејтив Комонс Наведување извор 4.0 Меѓународна лиценца. Видете на: https://creativecommons.org/licences/by/4.0/. На корисникот му е дозволено натамошно користење, споделување (копирање и повторно дистрибуирање), приспособување (ремиксирање, трансформирање и надградување на изворното дело) како што е детално утврдено во лиценцата. Корисникот мора јасно да го наведе МОТ како извор на материјалот и да наведе дали се извршени промени на изворната содржина. Користењето на амблемот, името и логотипот на МОТ не е дозволено во врска со преводи, приспособувања или други деривативни дела.

**Наведување извор** – Корисникот мора да наведе дали се извршени промени и мора да го цитира делото како што следува: МОТ, *Насоки за утврдување минимални стандарди за младински теренски активности во контекст на Гаранцијата за млади*, Женева: Меѓународна канцеларија на трудот, 2025. © МОТ.

**Преводи** – Во случај на превод на ова дело, кон наведувањето на изворот мора да се додаде следнава изјава за одрекување на одговорноста: *Ова е превод на дело со заштитени авторски права на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Овој превод не е изготвен, прегледан или одобрен од МОТ и не треба да се смета за службен превод од МОТ. МОТ се одрекува од каква било одговорност за неговата содржина и точност. Одговорноста ја поднесува исклучиво авторот(-ите) на преводот.*

**Приспособувања** – Во случај на приспособување на ова дело, кон наведувањето на изворот мора да се додаде следнава изјава за одрекување на одговорноста: *Ова е приспособување на дело со заштитени авторски права на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Ова приспособување не е изготвено, прегледано или одобрено од МОТ и не треба да се смета за службено приспособување од МОТ. МОТ се одрекува од каква било одговорност за неговата содржина и точност. Одговорноста ја поднесува исклучиво авторот(-ите) на приспособувањето.*

**Материјали на трета страна** – Оваа лиценца на Криејтив Комонс не се применува за материјали со заштитени авторски права што не се на МОТ што се вклучени во оваа публикација. Ако материјалот се припишува на некоја трета страна, корисникот на таквиот материјал е исклучиво одговорен за добивање на правата од носителот на правата и за какви било барања за повреди.

Каков било спор што произлегува од оваа лиценца и не може да се реши спогодбено се упатува на арбитража во согласност со Правилата за арбитража на Комисијата за меѓународно трговско право на Обединетите нации (УНЦИТРАЛ). Страните се обврзани од каква било арбитражна одлука што е донесена како резултат на таквата арбитража како конечно решение на таквиот спор.

Прашањата во врска со правата и лиценцирањето треба да се упатат до rights@ilo.org. Информации за публикациите и дигиталните производи на МОТ може да се најдат на: www.ilo.org/publns.

---

ISBN: 9789220429594 (PDF)

**Достапно на албански јазик:** *Udhëzues mbi përcaktimin e standardeve minimale të ofrimit të shërbimeve për kontaktimin (outreach) e të rinjve në kontekstin e Garancisë Rinore*, ISBN 9789220429570 (PDF);
**Достапно на босански јазик:** *Smjernice o određivanju minimalnih standarda za pružanje usluge dosezanja do mladih u kontekstu Garancije za mlade*, ISBN 9789220429587 (PDF);
**Достапно на англиски јазик:** *Guidelines on setting minimum service delivery standards for youth outreach in the context of the Youth Guarantee*, ISBN 9789220429563 (PDF);
**Достапно на црногорски јазик:** *Smjernice o određivanju minimalnih standarda za pružanje usluge dosezanja do mladih u kontekstu Garancije za mlade*, ISBN 9789220429600 (PDF);
**Достапно на српски јазик:** *Смернице о одређивању минималних стандарда за пружање услуге досезања до младих у контексту Гаранције за младе*, ISBN 9789220429617 (PDF)

---

Ознаките што се користат во изданијата и базите на податоци на МОТ, што се во согласност со практиката на Обединетите нации, и презентацијата на материјалот содржан во нив не подразбираат изразување какво било мислење од страна на МОТ во врска со правниот статус на која било земја, област или територија, нејзините власти или во врска со нејзините граници. Видете: www.ilo.org/disclaimer.

Мислењата и ставовите што се изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторот(-ите) и не мора задолжително да ги одразуваат мислењата, ставовите или политиките на МОТ.

Упатувањата до називи на фирми и комерцијални производи и процеси не повлекуваат нивно одобрување од страна на МОТ, а секое неспомнување на некоја конкретна фирма, комерцијален производ или процес не е знак за неодобрување.

# Насоки за утврдување минимални стандарди за младински теренски активности во контекст на Гаранцијата за млади

Подготвено од Вали Корбанезе

Овој документ е објавен со финансиска поддршка од Европската унија, во рамки на проектот Инструмент на ЕУ-МОТ за техничка помош при спроведување на Гаранцијата за млади во Западен балкан. МОТ е единствено одговорна за содржината на овој документ. ЕУ не сноси никаква одговорност за точноста, прецизноста и веродостојноста на материјалите, информациите или ставовите изнесени во овој документ.

# Содржина


- Содржина ..... 4
- Вовед ..... 4
- ДЕЛ 1: Модел на теренска интервенција ..... 7
  - 1. Идентификување на исклучените млади луѓе (НЕЕТ) ..... 7
  - 2. Воспоставување контакт ..... 8
  - 3. Вклучување ..... 10
  - 4. Индивидуализирани услуги за поддршка ..... 11
  - 4,1. Упатување во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади ..... 12
  - 5. Следење и приспособување ..... 13
- ДЕЛ 2: Ангажирање надворешни соработници за теренски интервенции ..... 15
  - 6. Критериуми за ангажирање партнерски организации за теренски активности ..... 15
  - 6.1. Законски барања ..... 15
  - 6.2. Оперативни барања ..... 16
  - 6.3. Барања за обезбедување на услугите ..... 16
  - 6.4. Барања за следење ..... 17
- Прилог 1: Минимални стандарди за обезбедување теренски активности за млади ..... 19
- Прилог 2: Одговорности, квалификации и вештини на младинските теренски работници ..... 26
  - Одговорности ..... 26
  - Квалификации ..... 27
  - Вештини ..... 27

# Вовед

Иако не постои општоприфатена дефиниција за поимот „теренски активности“ („outreach“) во контекст на политиките за вработување на младите лица, тој најчесто се користи кога се зборува за идентификување, воспоставување контакт и вклучување млади лица што: (i) се исклучени од пазарот на трудот и од општеството (на пример, млади лица што се невработени или не се активни на пазарот на трудот поради обесхрабреност, попреченост, семејни обврски за грижа или други причини); и (ii) не се пријавени кај ниту еден давател на јавни услуги (за вработување, социјални или здравствени услуги) за добивање поддршка.[1]

Во контекст на вработувањето на младите, теренските активности го опфаќаат следново: (i) кампањи за подигнување на свеста со цел исклучените млади лица да се информираат за достапните услуги за поддршка; (ii) интервенции за идентификување, воспоставување контакт и вклучување млади лица што се исклучени од пазарот на трудот или од општеството; и

(iii) обезбедување индивидуализирани услуги за вклучување во нивна близина (на пример, во локалните заедници, училишта, центри за интегрирани услуги или преку мобилни тимови). Целта е да се обезбеди еднаков пристап до услугите за сите млади лица и да се намалат индивидуалните, економските и општествените трошоци предизвикани од хронична невработеност, социјална исклученост, судири со правосудниот систем и долгорочни проблеми со менталното здравје.

Моделот на интервенција прикажан на Слика 1 ги опфаќа лекциите научени во текот на спроведувањето на пристапите за теренски активности во рамките на *Подготвителната акција за европската Гаранција за млади* и преку преглед на практиките на различни земји насочени кон обезбедување поддршка на исклучените млади лица.[2]

**GraСлика 1. Фази на моделите за теренска интервенција**




1 Овде се подразбира дека младите лица регистрирани кај давателите на услуги (вработување, здравствени и социјални услуги) веќе добиваат поддршка. Поради тоа, приоритет треба да им се даде на оние што не примаат никаква помош, иако во рамките на теренските интервенции најчесто се собираат информации за регистрацијата на младите корисници кај давател на услуги во текот на, или по фазата на вклучување.

2 Европска комисија: „Пилотирање партнерства за Гаранцијата за млади на теренот. Студија на случај: Ефективни стратегии за приближување до млади НЕЕТ“ (Брисел, 2015); Европска комисија: „Ефективно приближување до НЕЕТ. Искуства од теренот“ (Луксембург, 2018).

Моделот се состои од четири фази, како и следење и приспособување:

1. Идентификување. Во оваа фаза се дефинираат пристапите што ќе се користат за идентификување на исклучените млади лица (на пример, системи за следење, размена и поврзување податоци, договори за партнерство со младински организации, ангажирање теренски работници или младински работници).
2. Воспоставување контакт. Во оваа фаза се опишуваат методите што ќе се користат за воспоставување контакт со исклучените млади лица (активности за подигнување на свеста и информирање, индивидуален контакт преку теренска работа, вмрежување со други организации) и се идентификуваат субјектите или поединците што се одговорни за спроведување на активностите (општини; социјални работници; младински, теренски или улични работници; граѓански организации).
3. Вклучување. Во оваа фаза се опишуваат активностите (слободни активности, неформално учење, советување и насочување) што треба да се спроведат за да се мотивираат исклучените млади лица и да се насочат на достапните услуги што одговараат на нивните потреби.
4. Обезбедување услуги. Во оваа фаза се дефинираат комбинацијата и редоследот на услугите што ќе им бидат понудени на исклучените млади лица (индивидуална процена, коучинг, мотивациски обуки, самосвест, зајакнување на самодовербата, комуникација, тимска работа, вештини за подготвеност за работа, краткорочни практични обуки за запознавање со професиите, индивидуално менторство и упатување во специјализирани услуги); се планира функционирањето на целиот систем за поддршка на терен и се утврдуваат конкретните одговорности на засегнатите страни во процесот на теренски активности (кој што ќе прави).

**Следењето и приспособувањето** се однесуваат на системот за следење што ќе се користи за процена на индивидуалниот напредок и спроведувањето на активностите, како и на тоа на кој начин ќе се искористат резултатите од ова следење за приспособување на активностите за воспоставување контакт и вклучување, како и за подобрување на обезбедувањето на услугите.

Целта на ова техничко упатство е да им понуди насоки на економиите од Западен Балкан што се вклучени во спроведувањето на зајакнатата Гаранција за млади во врска со:

(i) дизајнирањето, спроведувањето и следењето на теренските активности што се организирани во партнерство со граѓанските организации (ГО);[3]
(ii) изготвувањето минимални стандарди за квалитет на теренските интервенции што се приспособени на националните и на локалните околности; и
(iii) воспоставувањето услови за ангажирање надворешни соработници и склучување договори меѓу институциите што се одговорни за теренските активности и за ГО.

Теренските интервенции наведени подолу не ги вклучуваат превентивните активности што се спроведуваат со млади лица кои уште се дел од формалниот систем на образование и обука (со цел да се спречи рано напуштање на училиштето и осипување), бидејќи во повеќето планови за спроведување на Гаранцијата за млади, овие активности се сметаат за дел од „активностите за рана интервенција“, кои ги водат министерствата за образование.

***

Пред да се дизајнира модел за теренски интервенции на национално ниво, треба да се спроведе претходно истражување за главните карактеристики на исклучените млади лица и нивната географска распределеност, како и за достапните ресурси (мапирање ресурси).

Главната алатка за разбирање на карактеристиките и географската распределеност на исклучените млади лица е статистичкото профилирање на младите (од 15 до 29 години) што не се вработени, ниту се вклучени

3 Сите планови за спроведување на Гаранцијата за млади во земјите од Западен Балкан се потпираат на партнерства со граѓански организации за да воспостават контакт со исклучените млади лица на возраст од 15 до 29 години.

во образование или обука (НЕЕТ). Ова истражување користи микроподатоци од националната Анкета на работната сила со цел: (i) да се категоризираат младите НЕЕТ во различни подгрупи според нивниот статус на пазарот на трудот (краткорочно и долгорочно невработени, вклучувајќи го и уделот на оние што се пријавени во Агенцијата за вработување; млади што не се дел од работната сила поради болест/попреченост, семејни обврски за грижа, обесхрабреност или други причини); (ii) да се соберат дополнителни информации за индивидуалните карактеристики на младите НЕЕТ што припаѓаат на различни подгрупи (возраст, пол, ниво на образование); (iii) да се мапира нивната распределеност според региони; и (iv) да се идентификуваат факторите што најмногу одредуваат колкава е веројатноста млад човек да стане НЕЕТ. Ова истражување може да обезбеди информации за изготвување стратегија за теренски активности заснована врз докази (главни проблеми што треба да се разгледаат, целни групи, распределба на ресурсите).

Втората активност во рамки на истражувањето е мапирање на ресурсите, која вклучува: (i) идентификување и документирање на ресурсите што им се достапни на младите лица на ниво на заедница (физичка инфраструктура, видови услуги, кадар); и (ii) идентификување нови или дополнителни ресурси што се потребни за да се одговори на потребите. Во контекст на планирањето на теренските активности, мапирањето ресурси може да се користи и за идентификување потенцијални партнерски организации и нивниот капацитет за спроведување на младинските теренски активности.

Наодите од овие истражувачки активности може потоа да се искористат за дефинирање на опсегот на младинските теренски активности (целни групи, приоритетни локации); за дизајнирање на различните фази на моделот за теренски интервенции; и за утврдување на основните елементи за ангажирање надворешни соработници и склучување договори со партнерските организации што ќе спроведуваат теренски активности.

# ДЕЛ 1: Модел на теренска интервенција

## 1. Идентификување на исклучените млади луѓе (НЕЕТ)

Системите за идентификување исклучени млади луѓе – и воспоставување прв контакт со нив – обично се засноваат врз три главни методи, кои често се комбинираат: (i) системи за следење и поврзување административни податоци; (ii) партнерства со организации што обезбедуваат услуги и поддршка за младите; и (iii) ангажирање теренски или младински работници што спроведуваат активности на терен.

Пристапите за следење и размена на податоци служат за „откривање" на исклучените млади луѓе (кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука) со цел да се воспостави прв контакт со нив и да им биде понудена поддршка. Системите за следење ,обично, го поврзуваат образовниот информатички систем – кој содржи информации за напредокот на учениците и студентите – со други административни бази на податоци (на пример, јавните служби за вработување, социјалните служби или општинските евиденции) за следење на преминот од училиште кон пазарот на трудот и „следење" на младите што го напуштиле образованието и излегле „надвор од радарот" на институциите. Во зависност од националниот контекст, задачата за следење на младите лица може да ја извршуваат различни институции, вклучувајќи ги училиштата (или тела поврзани со образовните власти), јавните служби за вработување (ЈСВ), социјалните служби или општините. Целта е да се идентификуваат младите што не се регистрирани во ниту една институција за поддршка, да се воспостави контакт со нив и да се ангажираат (да се вклучат во образованието, вработувањето, општеството). Системите за следење и поврзување податоци бараат споделување лични податоци меѓу институциите, што во многу земји не е можно поради законите за заштита на приватноста на податоците и поради ограничената интероперабилност на ИТ-системите на јавните институции.

Вториот пристап за идентификување исклучени млади лица е директно ангажирање теренски или младински работници за спроведување на работата на терен. Во овој случај, јавната институција што е одговорна за спроведување на стратегијата за теренски активности (младински центри, министерства што се надлежни за младински прашања, општини или јавни служби за вработување) ангажира дополнителен кадар (теренски и младински работници) со цел да ги идентификува, да воспостави контакт со нив и да ги вклучи младите лица преку теренска/улична работа (интеракција со младите на јавни места – како што се улици, паркови, трговски центри, училишта – со цел да им биде понудена поддршка).

Последниот пристап за идентификување исклучени млади лица е преку активностите на организации што работат за да ги исполнат нивните потреби. Овие организации може да бидат јавни или полујавни институции (на пример, младински центри), или – најчесто – тоа се младински граѓански организации. Активностите што редовно ги спроведуваат овие организации (како што се спортски, рекреативни активности, неформално образование) им овозможуваат на нивните вработени да воспостават контакт со различни категории млади лица, вклучително и со исклучените млади лица. Јавните институции може да го искористат ова знаење за спроведување на националната стратегија за теренски активности преку партнерски пристап или преку ангажирање надворешни соработници (односно преку склучување договори со партнерските организации за да ги идентификуваат, да воспостават контакт со нив и да ги вклучат исклучените млади лица и да им помогнат да пристапат до достапните услуги за вработување, социјална заштита или здравствени услуги).

Бидејќи во моментов системите за следење и директно ангажирање теренски/младински работници не се изводливи во земјите од Западен Балкан (на пример, поради ограничена интероперабилност на податоците, строги закони за заштита на личните податоци и недостиг на финансиски средства за директно ангажирање кадар), сите планови за спроведување на Гаранцијата за млади се потпираат на младинските граѓански организации за планирање и спроведување на сите фази на процесот на теренски активности (идентификување, воспоставување контакт, вклучување и обезбедување услуги за поддршка). Во контекстот на земјите од Западен Балкан, ова значи дека фазите на идентификација и воспоставување контакт во моделот за теренски интервенции се комбинираат.

### ▶ Рамка 1: Теренски и младински работници

**Теренски работник** е професионалец (потребна е диплома од прв циклус студии по социјална работа, психологија, социологија или сродна област) што работи со поединци и заедници, често во тешко достапни подрачја, со цел да обезбеди поддршка, ресурси и насоки. Задачата на овие професионалци е да го премостат јазот помеѓу луѓето на кои им е потребна помош и достапните услуги, помагајќи им да ги совладаат пречките и да ја подобрат својата благосостојба. Теренските работници обично работат со бездомни лица, лица со проблеми со зависности или ментални здравствени проблеми, лица со попреченост или лица во судир со законот.

**Младинскиот работник** (ESCO код 2635) им обезбедува поддршка на младите лица во нивниот личен, социјален и образовен развој преку неформални активности и односи. Тие ги поттикнуваат младите лица да донесуваат позитивни животни избори, најчесто работејќи во неформални образовни средини, како што се младински центри, локални организации и училишта. Младинските работници создаваат можности за учење, развој и стекнување вештини преку различни активности и програми. Тие ги поврзуваат младите со релевантни услуги, мрежи за поддршка и можности во заедницата, често работејќи на справувањето со проблеми, како што се сиромаштија, дискриминација и социјална исклученост. Некои земји (на пример, Обединетото Кралство, Ирска, Италија) нудат додипломски и постдипломски студии за младинска работа и работа во заедницата.

**Теренската младинска работа** претставува посебен вид младинска работа насочена кон приближување до младите лица на кои им е потребна помош во нивните заедници и во обезбедувањето пристап до услуги и поддршка со цел да се поттикне нивниот развој, самостојноста, социјалната вклученост, да развијат вештини за управување со сопствениот живот и да им биде подобрен пристапот до образование и до пазарот на трудот.

*Извор:* Заклучоци на Советот за придонесот на квалитетната младинска работа кон развојот, благосостојбата и социјалната инклузија на младите (2013/C 168/03); E. Pammi и соработниците (уредници), *„Прирачник за приближување на младите преку младинска работа. Финскиот пристап“*, Into – Здружение за младински теренски активности и работилници, 2022 г.

## 2. Воспоставување контакт

Првиот контакт со исклучените млади лица се воспоставува на различни начини од страна на персоналот (теренски или младински работници) на партнерските организации што се задолжени за спроведување на теренските активности. Целта е да се вклучат колку што е можно поголем број млади лица во активностите на партнерската организација со цел да се идентификуваат и да им се обезбеди поддршка на оние што се најмногу исклучени. Клучни предуслови за успешно спроведување се активностите да бидат лесно пристапни (со минимален праг за учество), да бидат атрактивни (на пример, активности поврзани со забава, уметност или спорт), организацијата да биде препознаена како „од доверба“ и „способна да помогне“, и пристапот да биде неосудувачки, отворен, заснован врз доброволно учество и доверливост.

Од партнерските младински организации во земјите од Западен Балкан треба да се бара да користат повеќе канали за контакт со младите лица што припаѓаат на различни НЕЕТ подгрупи, како што се идентификувани на национално/локално ниво преку статистичко мапирање на НЕЕТ популацијата. На пример, млади средноквалификувани или висококвалификувани невработени лица може позитивно да реагираат на кампањи за подигнување на свеста преку социјалните медиуми. Овие категории млади лица поверојатно ќе преземат активност сами ако знаат каде може да добијат информации и поддршка. Маргинализираните млади лица поверојатно е дека ќе реагираат на контактот „еден на еден“ (онлајн или лично) воспоставен од страна на теренски младински работници. На младите лица што се многу далеку од пазарот на трудот и општеството или се соочуваат со повеќе пречки им е потребно повеќе време за да се вклучат и можеби ќе имаат потреба од менторство „еден на еден“ низ целиот процес. Затоа, партнерските организации за

теренски активности треба да стапуваат во контакт со исклучените млади лица преку комбинација на следниве начини:

- **Активности за информирање и за подигнување на свеста:** Овие методи се корисни за воспоставување контакт и за обезбедување информации на различни категории млади лица (лица што предвреме го напуштиле образованието, непријавени невработени лица, млади со различни нивоа на вештини). Активностите за информирање и за подигнување на свеста треба да користат различни комуникациски средства, како што се печатени и дигитални материјали, социјални медиуми, телефонски линии за поддршка и бесплатни броеви. Информациите што се споделуваат преку овие канали треба да бидат корисни и лесни за разбирање, да понудат – како следен чекор – физички простор во кој младите може да пристапат кон активности со минимален праг за учество (на пример, забава, неформално учење, советување од врсници).
- **Контакт „еден на еден“:** Иако бара повеќе ресурси, овој метод претставува најефективен начин за воспоставување контакт (и можеби вклучување) на исклучените млади лица. Контактот треба да го воспоставуваат теренски работници што се соодветно обучени за комуникација со млади лица, градење доверба и обезбедување информации или совети кога, и доколку, е потребно. Овие активности најчесто се одвиваат во средини каде што младите често се собираат, или со физичко присуство (трговски центри, младински центри, продавници за игри, концертни и спортски сали) или онлајн (платформи како што се ТикТок, Фејсбук, Инстаграм, Линкдин). Идејата е да се воспостави однос на доверба, да се обезбедат информации и да им биде понудена можност на младите лица со цел да имаат младински комфорен простор каде што може да се собираат и „да прават работи“.
- **Вмрежување со други даватели на услуги:** Вмрежувањето со други (јавни или приватни) даватели на услуги (училишта, здравствени центри и центри за социјална работа, други граѓански организации) што дејствуваат на локално ниво претставува начин за воспоставување контакт (директно или индиректно) со исклучените млади лица. Вмрежувањето со другите даватели на услуги функционира во две насоки: (i) тоа претставува начин за организациите за теренски активности да прибираат информации за исклучените млади лица што треба да бидат контактирани и да се вклучат; и (ii) може да се користи од партнерските организации за упатување млади лица што имаат потреба од специјализирана поддршка (образовни и здравствени услуги, материјална помош, домување и слично).

Показателите што може да се користат за мерење на ефективноста на активностите за воспоставување контакт со младите се: (i) вкупниот број млади лица контактирани преку активностите за воспоставување контакт (распределени според вид на активност, на пример, кампањи преку социјални медиуми, теренски активности), и (ii) вкупниот број млади лица што биле контактирани преку различни канали и кои потоа преминале во фазата на „вклучување“. За точно мерење на овие показатели потребно е организациите за теренски активности да водат евиденција за организираните активности за воспоставување контакт и за приближниот број млади лица што биле контактирани преку секоја активност. На пример, за активност за подигнување на свеста организирана преку видео со сведоштво на ТикТок, показателот ќе се однесува на бројот на млади лица што го прегледале видеото во одреден временски период.

Во случај на ангажирање надворешни соработници, институциите што склучуваат договори може да утврдат минимален број настани за подигнување на свеста (тримесечно, годишно ниво) и минимална зачестеност на теренските активности во локалните заедници.

## 3. Вклучување

Вклучувањето настанува кога младо лице, кое било контактирано преку теренски активности, одлучува да учествува во некоја од активностите со минимален праг за учество што ги нудат партнерските организации (метод на отворена младинска работа).4 Потребни се време и повеќекратни контакти со цел младото лице да стекне доверба во теренските младински работници и да започне активно да се вклучува. Се смета дека младите се вклучиле во теренските активности кога учествуваат во една или повеќе активности со минимален праг за учество (забава, спортски игри, изведувачки уметности, работилници, други настани) и/или кога комуницираат со теренските работници и другите врсници. Во оваа фаза, младите лица може доброволно да доставаат (основни) лични информации (име, телефонски број, профил на социјални мрежи) или да одлучат да останат анонимни. Доставувањето лични податоци може да се одложи до моментот кога ќе започне индивидуализираната поддршка (на пример, доколку младо лице сака да учествува во групна сесија за кариерно советување или работилница за учење, тогаш потребно ќе биде да достави форма на идентификација што ќе овозможи негово следење во процесот на обезбедување на услугите.

За вклучување најчесто е потребен физички простор каде што може да се организираат активности со низок праг на пристап и други активности (тоа може да бидат канцеларии на партнерската организација, младински центри или други објекти обезбедени од општината или од други организации во мрежата). Онлајн вклучувањето може да функционира во почетната фаза, но за понатамошен напредок во активности за личен развој (интеракција со возрасни и врсници, градење самодоверба и воспоставување меѓучовечки односи) потребно е физичко присуство и активно учество.

Активностите за вклучување со минимален праг за учество може да вклучуваат тимски спортови (одбојка, фудбал, кошарка); игри (игри на маса, друштвени игри, видеоигри); уметност (театар, музика, фотографија, графити); други забавни активности (танц, филмови, кампување). Целосно осмислените активности за вклучување се однесуваат на неформални образовни работилници (за дигитални вештини, јавно говорење, здравје, животни вештини) и волонтерска работа во заедницата.

За да се измери ефективноста на активностите за вклучување, може да се користат следниве показатели: (i) број на млади лица вклучени во достапните активности со низок праг за учество (според возраст, пол и тип на активност); (ii) број на млади лица што редовно учествуваат во активностите за вклучување; (iii) број на млади лица што напредуваат во индивидуализирани услуги за поддршка (според возраст и пол); и (iv) број на млади лица што се регистрираат во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади (или кои се вклучуваат во вработување, продолжено образование, обука или практикантство).5 Со цел да се обезбеди прецизно следење и обезбедување на услугите, организацијата за теренски активности треба да изготви електронски формулар за регистрација во кој ќе се евидентираат и ќе се одржуваат податоците за корисниците. Овој „основен“ формулар за регистрација ќе се надополнува со дополнителни информации како што ќе се одвива индивидуализираната поддршка.

Во случај кога се ангажирани надворешни соработници, договорните органи може да утврдат минимален број активности со низок праг за учество и активности за целосно вклучување, кои треба да ги реализираат партнерските организации (на неделно или на месечно ниво); рамка за следење што ќе овозможи мерење на поединечниот напредок, од нивно учество во активности со низок праг на пристап до процена на нивната подготвеност за вклучување во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади.

---

4 Отворената младинска работа се фокусира на обезбедување достапни и доброволни можности со цел младите да се вклучат во социјални, едукативни и рекреативни активности во нивните заедници. Таа ја нагласува потребата за создавање инклузивни средини каде што младите може да развиваат вештини, да учествуваат во социјални акции и да ги истражуваат своите интереси. Отворената младинска работа често се спроведува преку младински центри и други организации во заедницата.

5 Можно е некои млади лица да имаат потреба од минимална поддршка за повторно вклучување во пазарот на трудот и во општеството.

## 4. Индивидуализирани услуги за поддршка

Услугите за поддршка што им се обезбедуваат на исклучените млади лица од страна на партнерските организации треба да бидат: (i) приспособени на индивидуалните карактеристики и на специфичните пречки што треба да се надминат; и (ii) организирани заедно со континуирана помош што го следи младото лице од првичниот контакт до вклучувањето во вработување, образование или обука.

Пакетот услуги за поддршка што го обезбедуваат организациите за теренски активности може да вклучува: (i) индивидуализирана процена на потребите (за идентификување на индивидуалните пречки и мапирање на потребните услуги); (ii) информации, советување и насочување (за сите аспекти од животот на младото лице); (iii) услуги за зголемување на мотивацијата, самопочитта и самосвеста; (iv) обука за основни вештини за вработливост (комуникациски вештини, тимска работа, организирање на времето, критичко размислување); и (v) упатување (и придружба) до специјализирани услуги (образование и обука, вработување, здравствена заштита, социјални услуги).

Индивидуализираните процени (или профилирање) се насочени кон собирање информации и идентификување на предизвиците и потребите на поединците во различни животни димензии (образование, семејство, вработување или здравје). Процесот се темели врз советување, техники на советување од врсници и младинска работа и претставува основа за планирање на обезбедувањето на услугите. Процената е, исто така, од суштинско значење за да се разбере дали спектарот на услуги што ги нуди организацијата за теренски активности е доволен за справување со индивидуалните потреби или потребно е да се вклучи поддршка од други професионалци/агенции. Оваа активност бара од организацијата за теренски активности да изготви структуриран прашалник за идентификување и прецизно евидентирање на главните предизвици со кои младото лице може да се соочува во различните животни димензии (образование, семејство, здравје, вработување). Оваа алатка, исто така, ќе обезбеди основа за преземање активности и планирање на обезбедувањето на услугите.

Индивидуализираната поддршка се нуди главно преку индивидуален коучинг, менторство, советување и насочување во текот на процесот на вклучување. Овие активности најчесто се спроведуваат од страна на теренските или младинските работници што воспоставиле првичен контакт и изградиле однос на доверба (ангажман) со исклученото младо лице. Типологијата на услугите за поддршка што им се нудат на исклучените млади лица може да се групира во две поишироки категории, кои обично се спроведуваат во различни фази од процесот на вклучување.

Првата категорија вклучува услуги насочени кон подобрување на **самосвеста, мотивацијата и животните вештини на поединците**. Целта е младото лице „да се подготви и да се мотивира“ да пристапи кон поинтензивни и услуги насочени кон одредена цел. Оваа прва категорија услуги треба – колку што е можно повеќе – да се нуди во рамките на самата теренска партнерска организација.

- **Обука и коучинг за животни вештини:** Управување со емоции и бес, решавање проблеми, носење одлуки, поставување цели, здравје и благосостојба (вклучително и сексуалност), самоспознавање, социјален идентитет, емпатија, односи и вештини за социјализација. Овие сесии – групни или индивидуални – треба да ги води соодветно обучен персонал (видете Прилог 2 за одговорности, квалификации и компетенции на теренските/младинските работници). Тие се дизајнирани со цел да му помогнат на младото лице да се справи со предизвиците во една или повеќе животни димензии.
- **Кариерно насочување и советување (основно):** Овие активности – индивидуално или во групи, лице в лице или онлајн – се дизајнирани со цел да им помогнат на младите лица да донесуваат информирани одлуки во врска со образованието, обуката или вработувањето.
- **Вештини за светот на работата (обука или коучинг):** Комуникација, тимска работа, вештини за подготвеност за работа. Овие услуги се дизајнирани со цел зголемување на вработливоста на младите лица. Тие може да се спроведуваат преку индивидуални или групни сесии што ги води соодветно обучен персонал. Обуката/коучингот за подготовка за работа, поточно, има цел да им

обезбеди младите лица вештини за изработка на кратка биографија, одговарање на огласи за работа, интервјуа и користење различни канали за барање работа (лични контакти, интернет, директен контакт со работодавачи).

- **Краткорочни практични обуки за запознавање со професиите („work tasters“) (изборно):** Ова се кратки периоди на учење организирани во стручни училишта или центри за обука, каде што младите лица извршуваат работни задачи со цел да ја изберат професијата што најмногу одговара на нивните аспирации и потреби. Најчесто се користат во рамките на кариерното советување за да им помогнат на младите лица да донесат информирани одлуки. Организирањето на оваа активност бара од партнерските организации да воспостават мрежа со институции за образование и обука на возрасни.

Секоја од услугите што треба да ги обезбеди организацијата за теренски активности треба да биде опишана (целите, содржината што ќе се споделува, проценетото времетраење, бројот и квалификациите на персоналот задолжен за обезбедување на услугата), а резултатите за секој индивидуален корисник треба да бидат евидентирани. Добра практика е, откако младото лице ќе биде профилирано, да се постигне договор со него низ процесот што ќе се следува (индивидуален план за услуги, кој се спроведува на доброволна основа). Ова може, исто така, да послужи како средство за соработка со организации со цел да се процени напредокот на младото лице низ процесот на обезбедување услуги и да му се помогне во утврдувањето на моментот кога тоа лице е подготвено да биде упатено во системот за обезбедување услуги во рамки на Гаранцијата за млади.

Втората категорија на поддршка опфаќа **специјализирани услуги**, кои обично се обезбедуваат од различни јавни или приватни даватели на услуги. Тука спаѓаат здравствени услуги (болести, инвалидитет, ментално здравје, зависности, плодност и контрацепција), услуги што ги обезбедуваат центрите за социјална работа (домување, сиромаштија, грижа за деца или стари лица, транспорт) и други специјализирани услуги (на пример, програми за рехабилитација од зависности, услуги за жртви на семејно насилство, трговија со луѓе или трудова експлоатација). Вообичаено, пристапот до овие услуги се обезбедува од партнерската организација преку упатување (односно младото лице се придружува до давател на услуга што е дел од мрежата на организацијата за специјализирана помош). Распространетоста на достапната мрежа за упатување е клучен критериум при изборот на партнерски организации за теренски активности.

Клучните показатели за следење во оваа фаза од теренските активности се следниве: (i) број на млади лица што добиле индивидуализирана процена на потреби (според возраст и пол); (ii) број на корисници на услуги за вклучување (според видот на услугата и времетраењето, како и според пол и возраст); (iii) број на корисници што се упатени кај надворешен давател на услуги за поддршка (според видот на услугата што се бара, пол и возраст); и (iv) број на корисници на услуги (внатрешни и надворешни) што се упатени во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади.

## 4,1. Упатување во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади

Крајната цел на теренските услуги во рамките на политиките на Гаранцијата за млади (ГМ) е да се мотивираат и да се подготват исклучените млади лица да прифатат поинтензивна поддршка насочена кон нивно враќање образованието/обуката или влез на пазарот на трудот.

Упатувањето во системот за обезбедување услуги во рамки на Гаранцијата за млади ќе се случи кога младото лице ќе заврши со користење на услугите што ги обезбедува партнерската организација и кога и теренскиот советник и самото младо лице ќе сметаат дека тоа е „подготвено“ да се регистрира како корисник на Гаранцијата за млади во локалниот центар на јавната служба за вработување (ЈСВ). Резиме на услугите што младото лице ги искористило во организацијата за теренски активности ќе му биде доставено на персоналот

на ЈСВ што е задолжен за регистрација, профилирање и советување во рамките на Гаранцијата за млади (со цел да се избегне дуплирање на помошта). Доколку системот за регистрација се управува онлајн, теренскиот советник ќе му помогне на младото лице да се регистрира и ќе се погрижи тоа да присуствува на првото интервју за советување.

За оваа последна фаза од теренските активности постои само еден показател, а тоа е бројот на корисници на теренски услуги што се регистрирале во Гаранцијата за млади (според пол, возраст и степен на образование), бидејќи по моментот на регистрација на Гаранцијата за млади, ќе се применува поинаков систем за следење. Доколку партнерската организација продолжи со менторска поддршка во текот на периодот на обезбедување услуги во рамки на Гаранцијата за млади (со цел стапката на откажување да се сведе на минимум), показателите за следење треба да го опфатат бројот на корисници на теренски услуги што се регистрирани во Гаранцијата за млади и примаат менторска поддршка од партнерската организација (според пол и возраст, како и времетраење на менторството во недели/месеци).

## 5. Следење и приспособување

Следењето и приспособувањето на моделот на теренска интервенција се критични за да се обезбеди неговата ефективност и усогласеност со потребите на исклучените млади лица. Следењето опфаќа: (i) собирање податоци и информации за спроведените теренски активности и напредокот на индивидуалните корисници низ фазите на теренските активности (видете параграф 5.4); и (ii) анализа на резултатите постигнати при спроведувањето на секоја од фазите на моделот на теренската интервенција. Видовите податоци и информации што треба да се собираат за спроведувањето на активностите веќе се наведени во описот на четирите фази на моделот на теренска интервенција претставени во претходните параграфи.

Податоците од следењето (за спроведувањето на сите активности – од воспоставување контакт до обезбедување услуги – и за напредокот на поединците) треба да се анализираат со цел да се идентификуваат трендови, отстапувања од очекуваните резултати, бариери и недостатоци, како и појава на непредвидени последици (Рамка 2 нуди неколку прашања со насоки за анализирање на податоците).

### ▶ Рамка 2: Прашања за анализирање на податоците за следење на теренските активности

**Воспоставување контакт и вклучување**

- Кој метод на воспоставување контакт се чини дека функционира најдобро (подигнување на свеста, индивидуален контакт, социјални медиуми) и за кои групи млади лица (пол, возраст, ниво на вештини)?
- Кои групи млади лица се недоволно или прекумерно застапени во активностите за воспоставување контакт?
- Кои групи напредуваат побрзо/побавно во активностите за вклучување?
- Дали достапните човечки и финансиски ресурси се доволни за да се постигнат утврдените цели?
- Која активност за вклучување се чини дека функционира најдобро (спорт, уметност, забава) и за кои групи млади лица (пол, возраст, ниво на вештини)?
- Кои групи млади лица се недоволно или прекумерно застапени во активностите за вклучување?
- Кои групи напредуваат побрзо/побавно во обезбедувањето услуги?
- Дали достапните човечки и финансиски ресурси се доволни за да се постигнат утврдените цели за вклучување?
- Што предлагаат корисниците за активностите за вклучување? Дали има предлози што може да се земат предвид?

**Обезбедување услуги**

- Кои услуги се најмногу/најмалку користени?
- За кои групи млади лица (според пол, возраст, ниво на вештини) постои поголема веројатност да бидат упатени во секоја услуга?
- Кое е просечното времетраење на секоја услуга што им се обезбедува на корисниците?
- Која е стапката на откажување од секоја услуга? Кои се главните причини за откажувањето?
- Кои групи млади лица се недоволно или прекумерно застапени во обезбедувањето услуги?
- Кои групи напредуваат побрзо/побавно во Гаранцијата за млади?
- Дали достапните човечки и финансиски ресурси за секоја услуга се доволни за да се постигнат утврдените цели?
- Кои услуги треба да се прошират/намалат?
- Што предлагаат корисниците за услугите? Дали има предлози што може да се земат предвид?

Откако ќе се идентификуваат недостатоците, активностите на моделот на теренски активности ќе може да се приспособат во однос на целните групи, каналите што се користат, зачестеноста и времетраењето на активностите, содржината на услугите и потребите од ресурси.

# ДЕЛ 2: Ангажирање надворешни соработници за теренски интервенции

## 6. Критериуми за ангажирање партнерски организации за теренски активности

Во овој дел се опишуваат основните критериуми што треба да се земат предвид при ангажирањето младински граѓански организации за спроведување теренски активности, кои треба да се приспособат на постојното законодавство за јавни набавки и на локалните околности во економиите од Западен Балкан.

Пред да се започне со ангажирање партнерски организации за спроведување теренски активности во рамките на пилотирањето на зајакнатата Гаранција за млади, се препорачува мапирање на ресурсите со цел да се идентификуваат и да се проценат услугите, програмите, организациите и другите ресурси што постојат на одредена локација.[6] Ова мапирање ресурси служи за повеќе цели: (i) овозможува теренските интервенции да се надоврзат – во најголема можна мера − врз основа на веќе постојните услуги; (ii) помага во идентификувањето фрагментации, недостатоци и преклопувања во обезбедувањето услуги што треба да се разгледаат во националната стратегија за теренски активности; (iii) служи за идентификување даватели на услуги и организации што може да бидат вклучени како партнери во обезбедувањето приспособена поддршка за исклучени млади лица; и (iv) обезбедува насоки за утврдување минимални стандарди за партнерските организации и за обезбедувањето теренски услуги.

Критериумите за ангажирање партнерски организации се групирани во три пошироки категории: (i) правни барања; (ii) оперативни и технички барања; и (iii) барања за обезбедување услуги.

### 6.1. Законски барања

Ангажирањето партнерски организации за теренски активности во рамките на зајакнатата Гаранција за млади што се спроведува во економиите од Западен Балкан треба да биде во согласност со релевантното законодавство за јавни набавки и финансиски регулативи, барањата за регистрација, како и другите закони и правила за заштита на индивидуалните права (недискриминација, заштита на лични податоци, работнички права).

За да учествуваат на повиците, апликантите мора: (i) да бидат регистрирани (или лиценцирани) кај надлежниот национален орган како граѓанска/непрофитна организација, како локален младински центар или како центар за социјална работа/услуги; (ii) да имаат посебен фокус на (или мандат за работа со) млади лица (според статутот на организацијата); и (iii) да постапуваат согласно начелата на стабилно финансиско управување и управување со човечките ресурси (транспарентност и отчетност во управувањето со буџетот, стратегии за развој на човечки ресурси во согласност со начелата на трудовото законодавство). Сите горенаведени законски барања се задолжителни и нема исклучоци.

6 Видете МОТ, „Водич за развивање национални стратегии за теренски активности за неактивни млади лица“ (ILO, Guide for developing national outreach strategies for inactive young people), Женева, Меѓународна канцеларија на трудот, 2017 г.

## 6.2. Оперативни барања

Организациите што ќе се пријават (апликантите) треба да исполнуваат неколку оперативни барања во однос на претходно искуство, квалификации на персоналот, географски опфат, капацитети и договори за партнерство. Мапирањето ресурси се користи при формулирањето на овој дел од процедурата за аплицирање со цел утврдување минимални критериуми (минимален број години искуство, минимален број квалификуван персонал, опфатени општини, квантитет и квалитет на физичките капацитети). Поконкретно:

- **Искуство:** Првото барање за организациите е да имаат минимален број години искуство во организирање активности за поддршка/вклучување на младите (забава, спорт, уметност, животни вештини, активности за личен развој) и да имаат организирано минимален број вакви активности во блиското минато (со цел да се исклучат организации што се активни само спорадично). Минималното искуство може да се дефинира преку мапирањето ресурси (на пример, ако повеќето од мапираните организации имаат помеѓу три и пет години искуство во активности за вклучување на младите, барањето може да се формулира како „минимум три години документирано искуство во организација и спроведување активности за вклучување млади лица (од 15 до 29 години)“).
- **Квалификуван персонал:** Второто барање е организацијата да располага со тим составен од минимален број обучени младински, теренски или социјални работници (видете Прилог 2 за пример на квалификации и одговорности на теренски/младински работници). Во пријавата, исто така, треба да се наведе претходно искуство во: (i) теренски активности на улица или во дигитална форма (или подготвеност за градење капацитети за оваа цел), и (ii) спроведување неформално образование и менторство поврзано со животни вештини и личен развој.
- **Географски опфат:** Може да биде потребно организациите што се пријавуваат да имаат специфично искуство во организирање младински активности во одредени општини или региони, или подготвеност да се ангажираат во конкретни географски области.
- **Капацитети:** Апликантите треба да покажат дека располагаат со простор пријатен за младите, каде што може да организираат активности за вклучување и да обезбедуваат услуги во рамките на организацијата. Таков простор може да припаѓа на јавна институција и/или да се споделува со други (други младински организации, младински центар, општински простории). Просторот треба да нуди услови за различни активности (социјална интеракција, работилници и, ако е можно, да има надворешен простор за рекреативни активности) и да биде во согласност со националните стандарди за здравје, безбедност и пристапност.
- **Мрежа/партнерства:** Организациите треба да имаат договори за партнерство или соработка со други даватели на услуги (на пример, училишта, центри за обука, центри за социјална работа, здравствени служби). Таквите договори се корисни за (индиректно) идентификување исклучени млади лица што ќе бидат вклучени во теренски активности, како и за упатување на младите корисници што имаат потреба од специјализирани услуги.

## 6.3. Барања за обезбедување на услугите

Барањата во оваа област треба да се изготват врз основа на фазите од моделот на теренска интервенција опишани погоре:

- **Воспоставување контакт:** Опис и зачестеност на онлајн и уличните активности, кои организацијата што аплицира ќе ги организира за да воспостави контакт со исклучени млади лица (кампањи за подигнување на свеста, улични и теренски активности, партнерство со други даватели на услуги) и квалификациите на младинските/теренските работници задолжени за водење на фазата на воспоставување контакт.

- **Вклучување:** Опис и зачестеност на активностите со минимален праг за учество и целосно осмислени активности, кои организацијата што аплицира ќе ги организира за вклучување на младите (забава, спорт, уметност). Број и квалификации на младинските/теренските работници задолжени за управување со фазата на вклучување. Локација на физичкиот простор пријатен за младите каде што ќе се организираат целосно осмислени активности за вклучување.
- **Индивидуализирана поддршка:** Опис на услугите во рамките на организацијата (индивидуална процена на потреби, план на услуги, обука за животни вештини, личен развој, кариерно советување и насочување, вештини за подготвеност за работа) што апликантот ќе им ги понуди на младите корисници; број и квалификации на младинските/теренските работници задолжени за обезбедувањето услуги; локација и опис на капацитетите каде што ќе се организираат овие услуги. Список на партнерства и опис на услугите што ќе се обезбедат преку упатување (неформално образование, психолошка помош, здравствени услуги). Планирани процедури за упатување на младите корисници во системот за услуги на Гаранцијата за млади; опис на активности за менторство во текот на учеството во Гаранцијата за млади (ако е предвидено); број и квалификации на младинските/теренските работници назначени за соодветните задачи.

## 6.4. Барања за следење

Постојат два вида барања за следење, кои организациите што се пријавуваат треба да ги почитуваат. Првото барање е да се изготви внатрешна алатка за процена што е може да го мери напредокот на младите корисници во различните фази на поддршка (од активности со минимален праг за учество до целосно вклучување, од вклучување до учество во индивидуализирани услуги и подготвеност за регистрација во системот на Гаранцијата за млади). Бидејќи целта на теренските активности е младите НЕЕТ да постигнат независност и самостојност во различни аспекти (семејство, здравје, работа, односи со врсници, образование и обука), процената треба да го мери напредокот на младото лице од првичната ситуација детектирана во одредена животна област (на пример, ограничена способност за комуникација со врсници и возрасни, конфронтациски став) до посакуваниот исход (на пример, способност за комуникација со врсници и возрасни без конфронтација).

Второто барање за следење се однесува на показателите за процесот и резултатите што организацијата треба да ги исполни за секоја од различните фази на теренските активности, како што е опишано погоре и резимирано во Рамка 3.

**Рамка 3: Резиме на показателите за следење поврзани со теренските активности**

| | |
|---|---|
| Воспоставување контакт | Број на млади лица опфатени преку активности за „контактирање“ (раздвојување според вид на активност, како што се кампањи на социјални медиуми, теренски настани).<br>Број на млади лица контактирани преку различни средства што преминале во фазата на „вклучување“. |
| Вклучување | Број на млади лица вклучени во достапните активности со низок праг на пристап (според возраст, пол и тип на активност).<br>Број на млади лица што редовно учествуваат во активностите за вклучување.<br>Број на млади лица што напредуваат во услуги за индивидуализирана поддршка (според возраст и пол).<br>Број на млади лица што се регистрираат во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади (или на друг начин се вклучуваат во вработување, продолжено образование, обука или практикантство). |
| Обезбедување услуги | Број на млади лица што добиле индивидуализирана процена на потреби (според возраст и пол).<br>Број на корисници на услуги за вклучување (според видот на услугата и времетраењето, како и според пол и возраст).<br>Број на корисници што се упатени до надворешен давател на услуги за поддршка (според вид на потребна услуга, пол и возраст).<br>Број на корисници на услуги (внатрешни и надворешни) што се упатени во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади. |
| Упатување во Гаранцијата за млади | Број на корисници на теренски услуги што се регистрираат во програмата Гаранција за млади (според пол, возраст и степен на образование).<br>Број на корисници на теренски услуги што се регистрирани во програмата Гаранција за млади и добиваат менторство (според пол и возраст, времетраење на менторството во недели/месеци). |

# Прилог 1: Минимални стандарди за обезбедување теренски активности за млади

| Цел | Содржина | Методи, алатки и ресурси | Показатели за следење |
|---|---|---|---|
| **1. Идентификување и контактирање** | | | |
| Исклучените млади лица да се идентификуваат и да бидат контактирани со цел да им бидат понудени информации за достапната поддршка | Активности за информирање и подигнување на свеста<br>Контакт „еден на еден“<br>Вмрежување со други даватели на услуги | **Активностите за информирање и подигнување за подигнување** на свеста користат различни средства за комуникација, како што се:<br>• печатен и дигитален материјал,<br>• интернет и социјални медиуми,<br>• телефонски линии за поддршка и бесплатни телефонски броеви.<br>Воспоставувањето контакт „еден на еден“ се остварува преку теренска работа во области каде што се собираат млади лица (во живо и онлајн), имено:<br>• трговски центри,<br>• центри во заедницата,<br>• концертни и спортски сали,<br>• парохии, младински центри,<br>• онлајн платформи како што се ТикТок, Фејсбук, Инстаграм, Икс, Вибер | Број на млади лица опфатени преку активности за „контактирање“ (прикажани според вид на активност, како што се кампањи на социјални медиуми, теренски настани).<br>Број на млади лица контактирани преку различни средства што преминале во фазата на „вклучување“ |

**Вмрежување со други даватели на услуги**, како што се, на пример:

- институции за образование и обука
- центри за здравствена и социјална заштита,
- општини,
- други специјализирани даватели на услуги (зависности, семејно насилство, трговија со луѓе, експлоатација).

Контактот треба да се воспостави од квалификувани теренски или младински работници што се соодветно обучени за да обезбедат информации, советување и поддршка од врсници.

**Клучно барање:** Треба да се води евиденција за организираните активности за воспоставување контакт и за приближниот број млади лица што се опфатени.

Забелешка: Со оглед на тоа што сите планови за спроведување на Гаранцијата за млади во економиите од Западен Балкан се потпираат на активностите на младинските граѓански организации за планирање и спроведување на различните фази од теренските активности, фазите на идентификација и контактирање се комбинираат.

| Цели | Содржина | Методи, алатки и ресурси | Показатели за следење |
|---|---|---|---|
| **2. Вклучување** | | | |
| На исклучените млади лица да им бидат понудени лесно достапни и целосно разработени можности за вклучување во младински комфорен простор | ▶ Активности за забава, спорт и уметност<br>▶ Информирање, советување меѓу врсници, менторство, советување и насочување | **Забавните, спортските и уметничките активности** претставуваат активности со минимален праг за учество, кои се наменети да ги привлечат младите лица и да ги мотивираат да учествуваат во други настани организирани за унапредување на неформалното учење, личниот развој и слични вештини.<br>**Информирањето, советувањето, менторството и насочувањето** користат различни техники, како што се:<br>• коучинг<br>• техники за промена на однесувањето<br>• активно слушање<br>• метод на прашања со понуден одговор во форма на скала<br><br>Активностите за вклучување се спроведуваат од квалификувани теренски или младински работници, кои се соодветно обучени за советување и техники за промена на однесувањето.<br>**Клучно барање:**<br>• Физички простор во кој може да се организираат лесно пристапни и целосно осмислени активности за вклучување во согласност со | ▶ Број на млади лица вклучени во достапните активности со низок праг за учество (според возраст, пол и тип на активност).<br>▶ Број на млади лица што редовно учествуваат во активностите за вклучување.<br>▶ Број на млади лица што напредуваат во услуги за индивидуализирана поддршка (според возраст и пол).<br>▶ Број на млади лица што се регистрираат во системот за обезбедување услуги на Гаранцијата за млади (или на друг начин се вклучуваат во вработување, продолжено образование, обука или практикантство). |

| | |
|---|---|
| | националните здравствени, безбедносни и стандарди за пристапност.<br>• Електронски образец за пријавување во кој се евидентираат и се одржуваат релевантни информации за корисниците |

| Цели | Содржина | Методи, алатки и ресурси | Показатели за следење |
|---|---|---|---|
| **3. Индивидуализирани услуги за поддршка** | | | |
| На исклучените млади лица да им бидат понудени услуги за вклучување приспособени на индивидуалните потреби | ▶ Индивидуализирана процена на потребите<br>▶ Услуги за зголемување на мотивацијата, самопочитта и самосвеста<br>▶ Обуки за основни вештини за вработување (комуникација, тимска работа, управување со време, критичко размислување)<br>▶ Кариерно насочување и советување<br>▶ Упатување (и придружување) во специјализирани услуги | **Услуги што треба да ги обезбеди партнерската организација во рамките на организацијата:**<br>**Индивидуализирана процена на потребите** се спроведува преку структуриран прашалник за идентификување на предизвиците со кои се соочуваат младите во различни животни области (образование, семејство, здравје, вработување). Оваа процена води до план за акција и за планирање на услугите.<br>**Обука и коучинг за животни вештини (групни и индивидуални сесии):** Управување со емоции и бес, решавање проблеми, носење одлуки, поставување цели, здравје и благосостојба (вклучително и сексуалност), самоспознавање, социјален идентитет, емпатија, односи, вештини за социјализација.<br>**Вештини за светот на работата (обука или коучинг, индивидуално или групно):** Комуникација, тимска работа, вештини за подготвеност за работа.<br>**Кариерно насочување и советување (индивидуално или во групи, лице в лице или онлајн):** Да им помогнат на младите лица да донесуваат информирани одлуки во врска со образованието, обуката или вработувањето.<br>**Краткорочни практични обуки за запознавање со различни професии (изборно):** Кратки периоди на учење во средни стручни училишта или центри за обука со цел да се пробаат работни задачи и да се избере соодветна професија. Индивидуализираните услуги се обезбедуваат од квалификувани и искусни теренски работници или младински работници, кои имаат посебна обука за содржината на секоја поединечна услуга. | ▶ Број на млади лица што добиле индивидуализирана процена на потреби (според возраст и пол)<br>▶ Број на корисници на услуги за вклучување (според видот на услугата и времетраењето, како и според пол и возраст).<br>▶ Број на корисници што се упатени до надворешен давател на услуги за поддршка (според вид на потребна услуга, пол и возраст).<br>▶ Број на корисници на услуги (внатрешни и надворешни) што се упатени во системот за обезбедување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Клучно барање:** Достапност на алатка за индивидуална процена (профилирање), модел на план за услуги, опис на услугите што ќе се обезбедат (цели, содржина, очекувано времетраење, персонал и нивото на компетенции) и очекувани резултати. Финални алатки за процена со цел да се утврди подготвеноста на лицето да премине во системот за обезбедување услуги во рамки на Гаранцијата за млади.<br><br>**Надворешни услуги**<br><br>**Упатувањето** во надворешни услуги треба да опфати:<br>• Здравствени услуги (болести, инвалидитет, ментално здравје, зависности, плодност и контрацепција),<br>• Услуги преку центрите за социјална работа (домување, сиромаштија, грижа за деца или стари лица, транспорт),<br>• Услуги од специјализирани агенции или организации (рехабилитација од зависности, поддршка за жртви на семејно насилство, трговија со луѓе и други форми на експлоатација).<br><br>Механизмот за упатување мора да биде документиран преку договори за партнерство.<br><br>Сите информации поврзани со корисниците и обезбедените услуги треба да се евидентираат и да се одржуваат во електронски формат. | услуги на Гаранцијата за млади. |
| **Упатување во системот за обезбедување услуги во рамките на Гаранцијата за млади** | | | |
| Младите корисници да бидат мотивирани и подготвени на теренските активности да прифатат поинтензивна и насочена поддршка за | ▶ Упатување (и придружба) за процесот на регистрација во Гаранцијата за млади<br>▶ Менторство во текот на учеството во | **Процената на подготвеноста** се спроведува доброволно од страна на младото лице и вклучува самооценување и оценување од квалификуван теренски или младински работник.<br><br>Теренските/младинските работници обезбедуваат информации за Гаранцијата за млади (целите, достапните услуги, како и што може да се очекува во однос на индивидуалното вклучување). | ▶ Број на корисници на теренски услуги што се регистрираат во Гаранцијата за млади (според пол, возраст и степен на образование). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| враќање во образованието/обуката или влез на пазарот на трудот | Гаранцијата за млади (изборно) | **Упатувањето и придружбата за регистрација во Гаранцијата за млади се** врши со поддршка од квалификуван младински/теренски работник за да им се помогне на младите да ги исполнат барањата за регистрација (онлајн или лично) и за првото советодавно интервју. Резиме за веќе обезбедените услуги се доставува до советник на јавната служба за вработување со цел да се избегне дуплирање на услугите.<br><br>**Менторство во текот на учеството во Гаранцијата за млади (изборно):** Теренскиот работник периодично воспоставува контакт со корисникот за да му понуди советување, охрабрување и коучинг со цел успешно завршување на процесот на Гаранцијата за млади.<br><br>Упатувањето и менторството се спроведуваат од квалификувани теренски или младински работници.<br><br>**Клучно барање:** Треба да се води евиденција за сите упатувања на Гаранцијата за млади и за обезбеденото менторство. | ▶ Број на корисници на теренски услуги што се регистрирани во Гаранцијата за млади и добиваат менторство (според пол и возраст, времетраење на менторството во недели/месеци). |

# Прилог 2: Одговорности, квалификации и вештини на младинските теренски работници

Младинскиот теренски работник идентификува, ангажира и гради доверливи односи со млади лица што се исклучени од општеството и пазарот на трудот, како и од нивниот систем за поддршка, при што ги користи локалните ресурси за отстранување на пречките и создавање можности за личен развој, независност и самостојност.

## Одговорности

- Соработка со локални заедници и партнери за идентификување млади лица што имаат потреба од поддршка.
- Обезбедување проактивни теренски и онлајн активности во области каде што младите често се собираат.
- Градење однос на доверба и обезбедување менторска поддршка на идентификувани млади лица во ризик.
- Процена на потребите на младите за правилно планирање и обезбедување услуги и програми поврзани со области како што се здравје, образование и обука, вработување, меѓучовечки односи.
- Организирање и водење слободни активности и уметнички настани, проекти во заедницата/средината, активности на отворено и спортски активности.
- Развивање односи со младите засновани врз почит и доверба, обезбедувајќи безбедно место за развој на нивниот идентитет.
- Воспоставување јасни граници и соочување со несоодветно однесување.
- Поддршка на младите во различни контексти, вклучувајќи теренска работа.
- Менторство, коучинг и поддршка за поттикнување поголема социјална инклузија.
- Поставување цели за напредок и редовно следење и ревидирање на квалитетот на младинската работа на локално ниво.
- Воспоставување и одржување позитивни и продуктивни работни односи со партнерите од заедницата, вклучувајќи образовни институции, полиција, организации за социјални и за услуги за вработување.
- Партнерска соработка со семејствата и клучните лица во животот на младите лица, како и со професионалци од други организации што работат со млади, како што се социјална грижа, здравство, образование, локални власти, со цел градење силна мрежа за поддршка.
- Извршување административни задачи, одржување ефикасни системи за евиденција и одговарање на прашања.

- Конзистентно документирање на програмските активности, индивидуалната поддршка и клучните инциденти.

## Квалификации

- Универзитетска диплома од областа на социјалната работа, грижа за деца и млади, психологија или друга општествена наука или наука поврзани со здравјето.
- Професионално сертифицирање или лиценца од надлежен регулаторен орган (доколку е применливо).
- Претходно работно искуство во средина што обезбедува социјални услуги.

## Вештини

- Силна посветеност на младите и разбирање на факторите што влијаат врз нивните животи.
- Способност за обезбедување сигурна поддршка на младите и дејствување со интегритет во стресни ситуации.
- Одлични меѓучовечки вештини за воспоставување и одржување добри односи со младите.
- Познавање на локалните услуги и ресурси во заедницата.
- Трпеливост, толеранција и флексибилност.
- Подготвеност за работа со флексибилно работно време и приспособување на приоритети што се менуваат.
- Вештини за формална комуникација за изготвување презентации и пишување извештаи.
- Способност за третирање на младите со почит, тактика и чувствителност, притоа водејќи сметка за границите што ги налага доверливоста и правилата што го регулираат односот на младите лица со младинскиот работник.
- Отпорност, личен и професионален интегритет.
- Ефикасна работа во тим со пријателски и позитивен став.
- Интерес за спорт или изведувачки уметности – не е задолжително, но корисно е за ангажирање младински групи и за олеснување на активностите.

**ilo.org**

International Labour Organization
Mozsár utca 14.
Budapest 1066
HUNGARY

International Labour Organization
@ILO
ILOTV